Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 30.06.2023

На 29.06.2023 околу 18.10 часот во близина на Богданци од страна на полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Стар Дојран е лишен од слобода П.Г.(49) од Богданци поради основано сомнение дека со патничко моторно возило „ауди А4" со гевгелиски регистарски ознаки, превезувал осум лица мигранти од Сирија. За настанот е известен јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.06.2023 во Штип од страна на полициски службеници од СВР Штип е лишен од слобода Д.Н.(29) од Злетово, затоа што, според пријавеното, на 28.06.2023 околу 20,30 часот во угостителски објект во Штип од С.М.(58) од Штип одјел ташна во која имало пари, лични документи и клуч од возило. По целосно документирање на случајот против Д.Н. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата вечер (29/30.06.2023) во периодот 23.00-04.00 часот на територија на Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 11 возачи.За време на контролата биле санкционирани и 15 дуги видови прекршоци.

На 29.06.2023 во 09.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Охрид после с.Врбајни патничко моторно возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Б.Р.(58) од Кичево, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Во текот на вчерашниот ден (29.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 380 возачи. Од нив, 19 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина.Притоа, 176 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 204 надвор од населено место.

На 29.06.2023 во 17.45 часот било пријавено дека во с.Зелениково-скопско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Ќ.(50) од с.Страхојадица и патничко моторно возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Г.(37) од с.Зелениково. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од возилото „фолксваген", а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (29.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 205 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 55 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за управување возило под дејство на алкохол, осум мерки за прекршоци што ги чинат возачи на моторцикли.Изречени се две санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, девет санкции за користење мобилен телефон при управување возило, три мерки за некористење сигурносен појас...

На 29.06.2023 во 02.00 часот било пријавено дека во Струмица на ул.„Маршал Тито" моторцикл „гилера" без регистарски ознаки, управуван од М.В.(25) од Струмица, удрил во паркирано патничко моторно возило "пежо 407" со беровски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Струмица, а увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 29.06.2023 во 12.45 часот било пријавено дека во Гостивар на ул.„101" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(36) од Гостивар и патничко моторно возило „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(58) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Ф.М., а со телесни повреди се здобил А.Б. констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 29.06.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Кисела Вода Т.Б.(43) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 29.06.2023 во 22.30 часот во Полициската станица Чаир А.П.(54) од Скопје, пријавил дека на ул.„Александар Урдаревски" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Ќ. (51) од Гостивар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 02.02.2023, во с. Топлица, полициски службеници при извршен преглед над пријавениот пронашле и одзеле кокаин.

Полициски службеници од СВР Тетово- Одделение за внатрешни работи Гостивар вчера (29 јуни) околу 15 часот, на улица „Браќа Ѓиновски" во Гостивар, го лишиле од слобода 46-годишниот З.А. од гостиварски Градец, поради сомнение дека извршил кражба во објект во Гостивар. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 29.06.2023 во ОВР Прилеп Г.Н.(52) од Прилеп пријавила дека додека била на работно место во училиште во населба Тризла во Прилеп, била физички нападната од непознаниот колега М.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2023 во ОВР Прилеп И.Ј.(75) од Прилеп пријавил дека на бул. „Гоце Делчев" во Прилеп бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2023 во 18.40 часот било пријавено дека во Куманово на ул.„Кирил и Методиј" патничко моторно возило „citroen" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Г.(32) од Куманово, удрило во велосипед управуван од малолетник од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 29.06.2023 во 18.45 часот било пријавено дека на локален пат во с.Матејче, мотоцикл „хонда" без регистарски ознаки, управуван од А.Б.(19) од с.Матејче удрил во паркиран мопед "баотиан" со тетовски регистарски ознаки, паркиран од А.Љ.(28), а до мопедот стоел и А.Љ.(30), двајцата од с.Матејче. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле А.Б. и А.Љ.(30), а со повреди се здобил и А.Љ.(28), констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 29.06.2023 во 15.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул „Солунска" во Битола, настанала физичка пресметка помеѓу И.А.(35) и С.Ш.(45), двајцата од Битола. При тоа С.Ш. употребил и остар предмет, а И.А. употребил метален предмет. За настанот е известен јавен обвинител. СВР Битола во координација со обвинителството презема мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.06.2023 во 10.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово, врз основа на судска наредба од Основен суд Куманово, го лишиле од слобода В.И.(34) од Куманово. Тој бил баран за издржување на затворска казна за сторено кривично дело по член 297 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Куманово за издржување на казната.

На 29.06.2023 полициски службеници од полициската станица Битола на ул. „8-ми Септември", го привеле Х.Г.(20) од Битола затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.06.2023 од полициски службеници од полициската станица Битола од ул. „Новачки пат" во Битола бил лишен од слобода А.А.(42) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена пиштол за кој што немал соодветна дозвола. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.06.2023 во 16.34 часот било пријавено дека во Битола на ул.„Партизанска" патничко моторно возило „застава југо" со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.С.(45) од Битола удрило во велосипед управуван од Д.Т.(34) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

Вчера (29 јуни) во 12.10 часот во СВР Тетово пријавено е дека 34-годишниот З.С. од тетовска Мала Речица, враќајќи се наназад со своето патничко моторно возило „ауди" во дворот пред семејната куќа, според пријавеното, удрил во малолетниот син, при што му нанел тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. Извршен е увид од екипа на Секторот за внатрешни работи Тетово.

Педесет и седумгодишниот гостиварец М.Ш. вчера (29 јуни) околу 22 часот во СВР Тетово пријавил дека на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

Вчеравечер околу 22 часот, Ф.С.(39) од гостиварско Чајле во СВР Тетово пријавил дека на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2023 во 02.00 часот В.И.(23) од Кавадарци пријавила дека на 28.06.2023 околу 23.30 часот во Кавадарци, по претходна расправија, И.А. со остар предмет и се заканувал на неа и на П.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Кавадарци С.К.(42) од Кавадарци пријавил дека околу 03.30 часот во двор на хотелски комплекс во Калитеа во Р.Грција неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.П.(54) од Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2023 во 00.30 часот Б.И.(31) од с.Сингелиќ-скопско пријавил дека на 29.06.2023 околу 22.30 часот во истото село Б.Ј. му се заканувал со пиштол, а потоа и добил закани по телефон и од И.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2023 во 21.15 часот на подрачјето на Бит Пазар полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода Б.К.(43) од Скопје поради тоа што во домот им упатувал закани на членови од неговото семејство, а и физички ја нападнал неговата 47 годишна сестра и и упатувал закани со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.06.2023 во 21.00 часот Д.А.(20) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода по претходно недоразбирање бил физички нападнат со тврд предмет од А.К. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2023 во 11.10 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Т.В.(49) од Скопје поради тоа што на 28.06. на подрачјето на Драчево физички ја нападнал неговата 51 годишна партнерка, а исто така употребил и стаклен предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.06.2023 во 14.40 часот Н.А.(56) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба по претходно недоразбирање во сообраќајот бил физички нападнат со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.А. (59) од с. Горна Бањица, гостиварско поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба на дрва". Во периодот од 24.03 до 27.03.2023, пријавениот ангажирал едно лице да врши сеча на дрва кои не биле негова сопственост со што пријавениот предизвикал материјална штета.